МЦМС

# Македонски центар за меѓународна соработка

Врз основа на член 54 од Статутот на Македонскиот центар за меѓународна соработка (д.б. 01-373/1-2008), Управниот одбор на 5-та редовна седница, одржана на ден 16.7.2009 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗБОР НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот, условите и постапката за избор на Одбор на директори на Македонскиот центар за меѓународна соработка (во понатамошниот текст МЦМС).

Во овој Правилник изразувањето во еднина вклучува множина, а множината може да се однесува на еднина, освен кога со зборовите: „само“ или „освен“ не е исклучена множината или еднината.

Изразите „член на Одбор на директори“ и „Извршен директор“ се употребувани како синоними.

Член 2

Одборот на директори го избира Управниот одбор на МЦМС.

Изборот е со мнозинството од бројот на членови на Управниот одбор кои гласале, но не помалку од една третина од вкупниот број членови.

Одборот на директори се избира за време од пет години, со право на повторен избор. При избор за пополнување на испразнетите места, мандатот на новоизбраните членови е во рамките на постоечкиот мандат на Одбор на директори.

Член 3

Одборот на директори се избира на јавен конкурс.

Јавниот конкурс го распишува Претседавачот на Управниот одбор, два месеца пред истекот на периодот за кој е избран постоечкиот Одбор на директори.

Член 4

Доколку не се избере Одбор на директори, односно не се пополни потребниот број членови (Извршни директори), постапката се повторува во рок од два месеца.

До изборот на потребниот број извршни директори, Управниот одбор именува вршител(и) на должноста, за период од најмалку 2, но не повеќе од 12 месеци.

Член 5

Одборот на директори е одговорен пред Управниот одбор.

### II. НОМИНАЦИСКИ КОМИТЕТ

Член 6

Предлогот за избор на членови на Одборот на директори го утврдува Номинациски комитет (во понатамошниот текст Комитетот).

Комитетот го избира Управниот одбор.

Комитетот работи на седници. За одлучување е потребно присуство на двотретинско мнозинство од членовите во Комитетот. Се одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на Комитетот.

Комитетот е привремен и ја завршува својата работа со изборот на потребниот број членови на Одборот на директори.

Член 7

Комитетот е составен од четири члена, претседавач и три члена, и тоа три од редот на членовите на Управниот одбор и еден член од Советот на МЦМС.

Член 8

Комитетот:

- се грижи за законско и статутарно спроведување на изборот;
- ги собира и ги разгледува пријавите;
- организира и врши јавно сослушување на кандидатите кои ги исполнуваат условите;
- дава мислење за кандидатите од гледна точка на исполнувањето услови критериумите на јавниот конкурс;
- номинира кандидат/и за избор за членови на Одборот на директори.

## III. ЈАВЕН КОНКУРС

Член 9

Јавниот конкурс се објавува во дневните весници, и тоа во најмалку два дневни весници со национална дистрибуција и со водечки тираж и во најмалку еден дневен весник на јазик на малцинските заедници.

Јавниот конкурс мора да биде отворен најмалку 15 дена.

Член 10

Пријава за кандидат за Извршен директор се поднесува на посебен образец кој содржи лични податоци, како и податоци за образованието, знаењата, вештините и способностите, професионалните и други постигнувања.

Сите кандидати треба да напишат:

- краток есеј за прашање од јавната политика од значење за МЦМС (до три страници);
- кратка изјава за сопствено видување на МЦМС (до една страница);
- кратка изјава за целите во кариерата (до една страница).

Член 11

Комитетот утврдува дали пријавите се поднесени во утврдениот рок и се составени согласно со одредбите на овој Правилник.

Ако Комитетот утврди дека се направени пропусти или неправилности, ќе ги повика кандидатите веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа, да им даде можност да ги отстранат констатираните пропусти или неправилности.

Комитетот утврдува кои кандидати ги исполнуваат условите од јавниот конкурс.

## IV. ЈАВНО СОСЛУШУВАЊЕ И НОМИНАЦИЈА

Член 12

Комитетот организира јавно сослушување на кандидатите кои ги исполнуваат условите од јавниот конкурс.

Јавното сослушување е отворено за јавноста.

За јавното сослушување, Комитетот организира панел.

Во панелот за јавното сослушување, покрај членовите на Комитетот, можат да учествуваат:

- до три претставници на водечките партнери и поддржувачи;
- до три претставници на Извршната канцеларија, надвор од соработниците на раководни работни места.

Претставниците ги утврдува Управниот одбор.

Член 13

Комитетот во присуство на учесниците на панелот за јавното сослушување дава мислење за кандидатите за членови на Одборот на директори од гледна точка на исполнувањето на условите на јавниот конкурс.

Член 14

Комитетот номинира кандидат(и) за Извршни директори.

Комитетот може да утврди еден или повеќе кандидати или да не утврди свој предлог.

Член 15

Комитетот за текот на јавниот конкурс, за своето мислење и за номинацијата поднесува извештај до Управниот одбор.

## V. ИЗБОР И ДОГОВОР

Член 16

Избор се спроведува на седница на Управниот одбор со тајно гласање, согласно со одредбите од Правилникот за избори на членови на Советот и Управниот одбор.

Член 17

Управниот одбор и секој од Извршните директори поединечно, склучуваат Договор за раководење (менаџерски договор).

Извршните на директори мора да бидат во работен однос во МЦМС.

Во текот на првата година од важењето на договорот за раководење, ниедна од договорените страни нема право да бара негови измени и дополнувања.

## VI. ОДГОВОРНОСТ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ

Член 18

Одборот на директори е одговорен пред Управниот одбор.

Управниот одбор најмалку еднаш годишно врши оценка на Одборот на директори.

Член 19

На Извршен директор му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран: врз основа на спогодба, ако поднесе оставка или ако биде разрешен.

Постапка за утврдување на одговорноста покренува Управниот одбор на барање на три членови на Управниот одбор.

Член 20

Управниот одбор има право да го разреши Одборот на директори или некој негов член, по претходно писмено предупредување, во случај на неизвршување или многу лошо раководење.

Во случај на разрешување, Извршните директори имаат права и обврски во согласност со законот, колективните договори и актите на МЦМС.

Член 21

Извршен директор може да поднесе оставка и без наведување на причините.

Член 22

За неизвршување се смета само ако не се исполнат повеќе од 25% од планираните програмски цели во текот на две последователни тримесечја и ваквата ситуација треба да се припише на недостиг на иницијатива или ефикасност на Одборот на директори или некој негов член.

Лошото извршување што се должи на надворешни околности нема да се смета за неизвршување на Одборот на директори.

Во случај на неизвршување, Управниот одбор ќе му даде на (член на) Одборот на

директори писмена опомена и период од најмалку 90 дена за да ја поправи ситуацијата. Ако не се подобри ситуацијата, тогаш може да биде разрешен (член на) Одборот на директори.

Член 23

Многу лошо раководење може да се смета за причина за разрешување доколку тоа се однесува на следниве специфични дела на Одборот на директори:

а) грешки кои ќе доведат до прекинување на спогодбите за соработка со донаторите/финансиерите;

б) чести пречекорувања на овластувањата, односно често кршење на политиката, процедурите, плановите, буџетите и другите основни упатства утврдени од МЦМС;

в) упорно одбивање да му се обезбеди бараната информација на Управниот одбор;

г) не ги достави бараните информации или извештаи во предвидените или договорените рокови и истите не обезбедуваат јасна презентација на превзмените активности или употребата на средствата;

д) фалсификување акти или документи, давање неточни податоци и намерно поднесување лажни податоци во документите и извештаите и слично, за да се стават во заблуда Управниот одбор или другите авторитети и доколку тоа е од битно значење за одлучувањето во МЦМС;

ѓ) незаконско работење со средствата (проневера, кражба и даночно затајување и слично) на МЦМС, како и друго намерно нанесување финансиска штета на МЦМС и други незаконски работи;

е) нуди на трети страни или бара или прима од трети страни, за него или за било која било друга страна каков било подарок, награда, надоместок или добивка од  кој било вид, кој може да биде интерпретиран како илегална пракса или корупција.

Член 24

Договорот за раководење се откажува во рок од три месеци.

Член 25

Настанатите спорови меѓу Управниот одбор и Одборот на директори ќе се решаваат договорно. Во случај на спор, вклучувајќи, но не исклучиво, спор за разрешување, може да се побара арбитража од независно лице кое ќе биде взаемно прифатливо за договорните страни.

Доколку страните во рок од 14 дена не можат да се согласат во врска со именувањето арбитер или не можат да постигнат спогодба, за решавање на споровите надлежен ќе биде судот во местото на седиштето на МЦМС.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 26

Мандатот на првиот состав на Одборот на директори е во рамките на мандатот на актуелниот Прв извршен директор.

Член 27

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, со што престануваат да важат Правилата за избор на извршен директор (д.б. 01-213/3-2003).

Број 01-243/1-2009 Ризван Сулејмани

Скопје, 16.7.2009 г. Претседавач на УО